Република Северна Македонија

**Државен архив на Република Северна Македонија**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Arkivi shtetëror i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Бр. 16 - 1983/6

Скопје, 26.07. 2024 год.

**ЗАПИСНИК**

**Од спроведениот практичен испит за инспектор**

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ бр. 102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување на лиценца на инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 238/19) на ден 25.07.2024 со почеток во 09,00 часот во службена просторија на Државниот архив пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор, формирана од заменик директорот на Државниот архив, бр.16-1983/4 од 22.07.2024 година, се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

1. Катерина Васиќ, в.д Раководител на Одделение за инспекциски надзор;
2. м-р Наумче Ризовски – советник инспектор;
3. Маре Бојчовска – помлад инспектор и
4. д-р Благоја Гешоски, Член на Инспекциски совет.

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор е Марија Томиќ Ангелов, помлад инспектор.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување на лиценца за инспектор, каде кандидатот Марија Томиќ Ангелов изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување акти, затворање и документирање на инспекциски надзор. По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Марија Томиќ Ангелов, комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка за инспекциски надзор 15 поени
- Спроведување на инспекциски надзор 30 поени
- Затворање на инспекциски надзор 30 поени
- Документирање на инспекциски надзор 15 поени

Република Северна Македонија
**Државен архив на Република Северна Македонија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Arkivi shtetëror i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Комисијата констатира дека кандидатот Марија Томиќ Ангелов го положи практичниот дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор со освоени поени 90.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:

Почеток во 09,00 часот на ден

Завршување во 11 часот на ден 25.07.2024 година.

**Комисија:**

1. **Катерина Васиќ,** ______________
2. **м-р Наумче Ризовски** ______________
3. **Маре Бојчовска** ______________ и
4. **д-р Благоја Гешоски** ______________.